Врз основа на Член 80 и Член 199 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/15 и 189/16), ЕВН Македонија, Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија, Скопје, како носител на лиценца за Снабдување на електрична енергија за тарифни потрошувачи, и Снабдување во краен случај со електрична енергија, изготви:

# ПРАВИЛА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ОТВОРЕН ПАЗАР ОД СТРАНА НА ЕВН МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Предмет на уредување

(1) Со овие Правила за набавка на електрична енергија на отворен пазар (во понатамошниот текст: Правила), се регулираат условите, начинот и процесот за набавка на електрична од страна на ЕВН Македонија АД, Скопје, како носител на лиценца за Снабдување на електрична енергија за тарифни потрошувачи и Снабдување во краен случај со електрична енергија (во понатамошниот текст РС), на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, во согласност со одредбите од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/15 и 189/16).

### Член 2

### Дефиниции и кратенки

(1) Термините користени во овие правила ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **Рамковен договор** | Договор склучен со Понудувачот и РС |
| **Понудувачи** | Производители, трговци / добавувачи и снабдувачи на електрична енергија регистрирани во согласност со законските прописи, и кои поседуваат лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО. |
| **Квалификуван понудувач** | Понудувач кој има склучено РД со РС. |
| **Отворен Јавен повик** | Оглас објавен во дневен весник во Република Македонија и достапен на интернет страната на www.evn.mk |
| **Набавка на електрична енергија** | Набавка на електрична енергија на отворен пазар за потребите на потрошувачи кои се снабдуваат со електрична енергија од Снабдувачот на електрична енергија на тарифни потрошувачи и Снабдувачот во краен случај со електрична енергија |
| **Понуда** | Понуда за продажба на електрична енергија (MWh) по одредена цена (EUR/MWh) заокружена на две децимали, доставена од страна на квалификуван понудувач. |
| **Индивидуален договор** | Купопродажен договор помеѓу квалификуван понудувач и РС со кој се утврдуваат комерцијалните услови за соодветна купопродажба на електрична енергија. |

| | |
|---|---|
| **Процес за набавка на електрична енергија** | Редослед на настани поврзани со набавка на електрична енергија кои почнуваат со ИБДП од страна на РС, доставени понуди од страна на квалификуваните понудувачи, евалуација и избор на најповолни понудувачи и завршуваат со склучување на Индивидуален договор со избраните понудувачи. |
| **Индивидуално Барање за Доставување на Понуди (ИБДП)** | Документ во електронска форма кој е испратен од страна на РС до сите квалификувани понудувачи преку електронска пошта и/или факс во кој прецизно се утврдуваат условите според кои ќе биде спроведен процесот на набавка на електрична енергија |
| **Дијаграм за испорака на електрична енергија и моќност** | Барање на РС во кој е содржана распределбата на електрична енергија и моќност, на часовно ниво, за одреден временски период. |
| **Регулиран потрошувач** | Потрошувач кој се снабдува со електрична енергија од ЕВН Македонија АД, Скопје, како носител на лиценца за Снабдување на електрична енергија на тарифни потрошувачи и Снабдување во краен случај со електрична енергија |

(2) Кратенките користени во овие Правила ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **РС** | Регулиран снабдувач – ЕВН Македонија АД, Скопје, носител на лиценца Снабдување на електрична енергија за тарифни потрошувачи и Снабдување во краен случај со електрична енергија |
| **РКЕ** | Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија |
| **РД** | Рамковен договор |
| **ИД** | Индивидуален договор |
| **ИБДП** | Индивидуално барање за доставување на понуди |
| **ПЕЕ(ЈУ)** | Производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга |

## II. ПРАВИЛА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ОТВОРЕН ПАЗАР

### Член 3
### Набавка на електрична енергија

(1) РС е должен да набави електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи на отворен пазар, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин.

(2) РС ќе набави количини на електрична енергија на отворен пазар за покривање на потребите на регулираните потрошувачи кои Производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга (ПЕЕЈУ) не може да му ги обезбеди во согласност со Договорот за купопродажба на електрична енергија за потребите на регулираните потрошувачи.

**Член 4**
**Правила за набавка на електрична енергија**

(1) РС објавува отворен Јавен повик за покажување на интерес за склучување на РД за набавка на електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи, кој ќе вклучи услови кои Понудувачот треба да ги исполни за да учествува во процесот на доставување и евалуација на понуди, како и листа на документи кои од заинтересираните понудувачи ќе бидат побарани да ги достават, со цел да го докажат својот правен статус и финансиската стабилност.

(2) Врз основ на отворениот Јавен повик од став (1) на овој член, РС склучува РД со сите Понудувачи кои ги исполнуваат условите наведени во отворениот Јавен повик. Врз основ на склучените РД, РС ги поканува Понудувачите да земат учество во постапката за набавка на електрична енергија во согласност со потребите дефинирани во ИБДП.

(3) По спроведувањето на отворениот Јавен повик и склучувањето на РД од став (2) на овој член, РС е должен да достави извештај за склучените договори до РКЕ.

(4) Доколку по спроведувањето на отворениот Јавен повик за покажување на интерес за склучување на РД од став (1) на овој член, се јават нови Понудувачи кои имаат интерес за склучување на РД со РС за набавка на електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи, тие можат дополнително да ги достават сите побарани документи како што е наведено во отворениот Јавен повик, и доколку ги исполнат условите од јавниот повик да склучат РД

**Член 5**
**Индивидуално барање за доставување на понуди (ИБДП)**

(1) Врз основ Член 4 став (2) од овие Правила, пред секоја набавка на електрична енергија, РС ќе испрати ИБДП до сите Понудувачи кои имаат склучено РД.

(2) ИБДП од став (1) на овој член ќе го содржи следното:

- Датум, време и начин на доставување на понуди по ИБДП,
- Период за испорака на електрична енергија и моќност,
- Место на испорака,
- Барана моќност изразена во MW и електрична енергија изразена во MWh, за целиот период на испорака,
- Критериуми за евалуација и избор на понуди,
- Минимална и максимална големина на понудата,
- Број на понуди по понудувач,
- Дозволени отстапувања од договорената моќност и договорените количини,
- Услови за плаќање,
- Рок за доставување на понуди,
- Евалуација на понудите и одлука за избор на најдобра понуда
- Рок на важност на понудите,
- Посебни услови,
- Гаранцијата за понудата или депозит за доставената понуда,
- Износ на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување,

(3) ИБДП од страна на РС ќе им биде доставено до сите Понудувачи кои имаат склучено РД за набавка на електрична енергија.

(4) Понудите доставени како одговор на ИБДП од став (1) на овој член, треба да ги содржат сите елементи и документи наведени во ИБДП и истите да бидат доставени до РС во наведениот рок, согласно начинот утврден со ИБДП.

(5) Како гарант на понудата согласно ИБДП, Понудувачите треба да достават и банкарска гаранција или депозит за понудата.

(6) РС може да го продолжи рокот за доставување на понуди, евалуација на понудите и одлуката за избор на најдобра понуда, доколку истото е соодветно на потребите и условите на конкурентност и сопствените потреби.

(7) Оригиналните документи ќе бидат разменети преку пошта, само со страните кои биле избрани како најповолни понудувачи.

(8) РС е должен да чува писмен доказ за понудите.

(9) РС е должен, за секоја завршена постапка за доставување и евалуација на понудите да изготви соодветен извештај.

**Член 6**
**Потпишување на Индивидуален договор**

(1) До избраните квалификувани понудувачи, РС ќе достави на потпишување ИД кој содржи детали за договорените трансакции како количина и моќност, период на испорака, точка на испорака, флексибилност во испораката на договорената количина енергија (+/-%), банкарски гаранции, цена, услови на плаќање и начин на фактурирање

(2) Избраните квалификувани понудувачи, во рок дефиниран во ИБДП но не подолг од 7 (седум) работни дена по потпишување на ИД, се должни да достават до РС банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување во износ од 10%.

(3) По исклучок од став (2) доколку РС оцени дека ризиците поврзани со испорака на набавената електрична енергија од страна на избраните квалификувани понудувачи се поголеми во одреден период, тој може да побара банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување во износ поголем од 10% од вредноста на ИД. Процентуалниот износ на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување поголем од 10% која ќе биде побарана од квалификуваните понудувачите ќе биде претходно дефинирана и во соодветното ИБДП.

(4) Гаранцијата за понудата или износот на депозитот за доставената понуда ќе им биде вратена на квалификуваните понудувачи кои не се избрани по завршувањето на процесот за доставување и евалуација на понуди, додека за избраните квалификувани понудувачи кои успешно ја поминале постапката за доставување и евалуација на понудите, ќе им бидат вратени откако ќе ја достават банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување од став (2) од овој член.

(5) Доколку избраниот квалификуван понудувач не потпише ИД или не достави банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување во определениот рок, РС ќе ја активира гаранцијата за понудата или ќе го задржи депозитот наведени во член 5 од став (2) од овие Правила.

(6) Гаранцијата за понудата или износот на депозитот за доставената понуда ќе биде задржан од страна на РС во сите други случаи на отстапување од обврските од страна на квалификуваниот понудувач, кои се наведени во ИБДП и/или РД.

(7) Во случај на набавка на количина на електрична енергија за задоволување на потребите на регулираните потрошувачи кога периодот од избор на квалификуваниот понудувач до времето на започнување на испораката е помало од 3 (три) работни дена РС во ИБДП ќе дефинира дека доставената Гаранција за понудата или износот на депозитот за понудата ќе ја засмета како Гаранција за навремено и квалитетно извршување за избраните квалификувани понудувачи.

**Член 7**
**Одговорност при неисполнување на обврските**

(1) Квалификуваниот понудувач кој е избран за најповолен е должен да склучи ИД и да ги исполни целосно обврските за испорака на договорената моќност и количина на електрична енергија во дистрибутивната мрежа за потребите на РС.

(2) Доколку избраниот квалификуван понудувач не ги исполни обврските од став (1) на овој член, тој е должен да ги покрие настанатите трошоци на РС предизвикани од несклучување на ИД или нецелосната испорака на договорената моќност и количина на електрична енергија, утврдени од страна на РС.

(3) Доколку избраните квалификувани понудувачи не ги исполнат обврските од став (1) на овој член, РС има полно право да ги активира доставените банкарски гаранции и да го раскине склучениот РД, доколку квалификуваниот понудувач кој што склучил РД не ги покрие целосно настанатите трошоци од став (2) на овој член.

(4) Со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето со електрична енергија за регулираните потрошувачи, по исклучок на член 3 став (1) од овие Правила, РС може да започне директни преговори за итна набавка на електрична енергија со квалификувани понудувачи кои имаат склучено РД, во случај на хавариски режими или доколку има откажување на испораката на енергија од страна на квалификуван(и) понудувач(и) кои имаат склучено ИД со РС, како и во други случаи во кои е потребна итна набавка на електрична енергија за покривање на потребите на регулирани потрошувачи.

(5) РС ќе ја извести РКЕ за набавка на електрична енергија од став (4) од овој член.

(6) На избраните квалификувани понудувачи кои нема да потпишат ИД ќе им се активира гаранцијата за понудата или ќе им се задржи износот на депозитот на понудата и може да им биде забрането да учествуваат во процесот за доставување на понуди во следните 12 месеци.

## III. ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН КВАЛИФИКУВАН ПОНУДУВАЧ

### Член 8
### Комисија за спроведување на процесот на набавка на електрична енергија

(1) РС ќе формира интерна комисија и ќе ја овласти за спроведување на целиот процес за набавка на електрична енергија.

### Член 9
### Цени

(1) Цените за набавка на електрична енергија се формираат врз основ на листа на мериторно подредување, согласно добиените понуди од страна на заинтересираните квалификувани понудувачи кои имаат склучено РД.

(2) Листата на мериторно подредување од став (1) на овој член е формирана со растечки редослед, каде што, како прворангирана е понудата за електрична енергија со најниска цена.

(3) Цени доставени од страна на заинтересираните квалификувани понудувачи ќе бидат изразени во EUR/MWh, без ДДВ, заокружени на две децимални места.

### Член 10
### Рангирање и избор на квалификуван понудувач

(1) Цените на електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи се сметаат за единствен критериум за рангирање и избор на Понудите.

(2) РС има право да изврши евалуација на понудите во еден круг преку: јавно отварање на доставените понуди; или во два круга преку прибирање на понуди и организирање на аукција (јавно негативно наддавање); или преку аукција со користење на соодветна електронска (софтверска) апликација / web платформа, согласно насоките дефинирани во ИБДП.

(3) Доколку во ИБДП е наведено дека процесот за набавка на електрична енергија ќе се одвива преку користење на електронска (софтверска) апликација / web платформа, РС претходно ќе го запознае квалификуваниот понудувач со начинот на користење на апликацијата / web платформа во процесот за набавка на електрична енергија и ќе ги покани квалификуваните понудувачи да доставуваат понуди преку истата.

### Член 11
### Мониторинг

(1) РС е должен да доставува редовни месечни извештаи до РКЕ кои содржат информации за набавените количини на електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи, постигнатите цени при спроведувањето на набавката, како и општи информации за примените и прифатените понуди.

(2) Со цел да обезбеди транспарентност и недискриминаторност на постапката за набавка на електрична енергија на отворен пазар, РКЕ може да побара од РС да го достави регистерот на сите спроведени јавни повици и набавки на електрична енергија за покривање на потребите на регулираните потрошувачи.

## IV. ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАБАВКАТА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### Член 12
### Период на реализација на набавката

(1) Електричната енергија набавена во согласност со овие Правила е неопходна за покривање на потребите на регулираните потрошувачи почнувајќи од 01.01.2018 година.

## V. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

### Член 13
### Исклучување на понудувачи

(1) Во случај на прекршување на одредбите и/или квалификуваните понудувачи не постапуваат согласно овие правила и барањата од отворениотЈавен повик, или ИБДП, или РД или ИД, РС има право веднаш да го исклучи квалификуваниот понудувач од процесот за набавка на електрична енергија. Во секој случај, квалификуваниот понудувач ќе биде обврзан да ги исполни своите обврски од веќе склучените ИД, кои се склучени пред прекршување на одредбите.

### Член 14
### Трошоци

(1) Сите трошоци за изготвување на понудите, учеството во процесот и/или откажувањето на процесот за набавка на електрична енергија ќе бидат покриени исклучиво од страна на квалификуваниот понудувач.

### Член 15
### Откажување на процесот за набавка на електрична енергија

(1) РС има право да прифати целосно или делумно било која понуда доставена од квалификуваните понудувачи, како и право да отфрли понуда или да го откаже процесот за набавка на електрична енергија без да мора да даде причина за тоа. Во случај на откажување, РС не е одговорен кон квалификуваните понудувачи за било каква загуба, трошоци или штети (вклучително и без исклучок сите последични и/или индиректни штети, изгубена добивка, гудвил, деловни можности, антиципирани заштеди, трошоци за изработка на понуда, учество во процесот за доставување и евалуација на понуди).

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**
**Важност**

(1) Овие Правила влегуваат на сила со денот на нивно одобрување од страна на РКЕ.

(2) Овие Правила ќе бидат објавени на официјалната интернет страна на РС.

(3) РД склучени со квалификуваните понудувачи по основ на претходно објавени Јавни повици ќе продолжат да важат и понатаму се додека квалификуваните понудувачите и РС не ги откажат или доколку не ги прекршат обврските согласно член 13 од овие Правила.